## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА НЕГУВАТЕЛКИ:
## „Градење на капацитети на негувателките во предучилишните установи“

Во текот на месец Февруари 2023, Асоцијацијата и Консалтиг на едукатори и заедници за учење „ЕДУЛЕНД“ реализираше три обуки под наслов „Градење на капацитетите на негователите во предучилишните установи“, со цел поддршка на професионалните компетенции на негователите кои се дел од воспитно-образовните тимови во предучилишните установи и тежнеат кон унапредување на активностите со децата и создавање на позитивна социо-емоционална клима за учење и развој на децата.

Обуката ја организираше Асоцијацијата и Консалтинг на едукатори и заедници за учење „ЕДУЛЕНД“ во партнерство со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Бирото за развој на образование и Министерството за труд и социјална политика.

| | |
|---|---|
| Западен регион и дел Скопје | 11 и 12.02.2023 |
| Источен регион | 18 и 19.02.2023 |
| Скопски регион | 25 и 26.02.2023 |

На првата обука учествуваа негувателки од Западниот регион во Република Северна Македонија. На обуката присуствуваа номинирани негувателки од следните градинки:

| Општина | Детска градинка | Бр.на учесници **36** | Воспитувачи за колегијална поддршка |
|---|---|---|---|
| Тетово | Младост | 2 | 1. Марија Василевска<br>2. Розе Костовска<br>3. Татјана Грегова<br>4. Елеонора Костовска<br>5. Кристина Камчева<br>6. Катерина Маркоска<br>7. Моника Димитриевска<br>8. Имјан Амети<br>9. Даниела Раичковиќ |
| Гостивар | Детска Радост | 2 | |
| Дебар | Брешиа | 2 | |
| Кичево | Олга Мицеска | 2 | |
| Струга | 8 Март | 2 | |
| Охрид | Јасна Ристеска | 2 | |
| Битола | Естреја Овадија – Мара | 2 | |
| | Мајски Цвет | 2 | |
| Прилеп | Наша иднина | 2 | |
| Кавадарци | Рада Поцева | 3 | |
| Ресен | 11 Септември | 2 | |
| Демир Капија | Борис Трајковски | 2 | |
| Ѓ.петров | Росица | 3 | |
| Чаир | Снежана | 2 | |
| | Фидани | 2 | |
| Сарај | Филизи | 2 | |
| Илинден | Гоце Делчев | 1 | |
| Петровец | Авионче | 1 | |

Покрај негувателките, на обуката присуствуваа и 9 воспитувачи за колегијална поддршка од Западниот регион: Марија Василевска; Розе Костеска; Татјана Грегова; Елеонора Костоска; Христина Камчева; Катерина Маркоска; Моника Димитриевска; Имјан Амети и Даниела Раичковиќ, кои активно учествуваа во интерактивните работилници со негователките.

Обуките започнуваа со претставување на динамиката на истите, претставување на обучувачите и учесниците и воведно поздравување на советничката од Бирото за развој на образованието - Габриела Дурчевска Георгиева, која им посака пријатен престој на обуката.






ЕдуЛенд
unicef
for every child





На втората обука присуствуваа претставници од источниот регион, од следните градинки:

| Општина | Детска градинка | Бр.на учесници 38 | Воспитувачи за колегијална поддршка |
|---|---|---|---|
| Струмица | Детска Радост | 2 | 1. Наташа Манџункова<br>2. Јованка Ефтимова<br>3. Верче Мијалова<br>4. Биљана Чунгурски<br>5. Маја Велинова<br>6. Александра Јанева<br>7. Лепка Симонова |
| Гевгелија | Детска Радост | 2 | |
| Валандово | Калинка | 2 | |
| Богданци | Коста Поп Р.Делчев | 2 | |
| Кочани | Павлина Велјанова | 2 | |
| Радовиш | Ацо Караманов | 2 | |
| Штип | Астибо | 2 | |
| | Вера Ц.Трена | 2 | |
| Берово | 23 август | 2 | |
| Св. Николе | Рахилка Гонева | 2 | |
| Виница | Гоце Делчев | 2 | |
| Делчево | Весели Цветови | 2 | |
| Пробиштип | Гоце Делчев | 2 | |
| К.Паланка | Детелинка | 2 | |
| Куманово | Ангел Шајче | 3 | |
| М.Каменица | Бамби | 2 | |
| Неготино | Фемо Кулаков | 2 | |
| Велес | Димче Мирчев | 3 | |

На обуката беа присутни сите номинирани негувателки и воспитувачите за колегијална поддршка од источен регион: Наташа Манџункова, Јованка Ефтимова, Верче Мијалова, Биљана Чунгурски, Маја Велинова (оправдано отсутна), Александра Јанева, Лепка Симонова.











На третата обука присуствуваа претставници од Скопскиот регион заедно со воспитувачите за колегијална поддршка од истиот регион, од следните градинки:

| Општина | Детска градинка | Бр.на учесници 35 | Воспитувачи за колегијална поддршка |
|---|---|---|---|
| Карпош | Распеана Младост | 2 | 1. Маја Насев<br>2. Славица Ристевска<br>3. Снежана Гуцуљ<br>4. Маја Стојчевска<br>5. Станка Баџакова<br>6. Даниела Томовска |
| | Орце Николов | 2 | |
| | Мајски Цвет | 2 | |
| | Пролет | 2 | |
| Кисела Вода | 8 Март | 3 | |
| | Весели цветови | 2 | |
| Сопиште | Виножито | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Центар | 13 Ноември | 2 | 7. Биљана Лотевска<br>8. Цена Новеска<br>9. Викторија Стојановска<br>10. Лена Коцевска |
| | Кочо Рацин | 2 | |
| | Корчагин | 2 | |
| | Мини фини буџетчиња | 1 | |
| Шуто Оризари | 8 Април | 1 | |
| Аеродром | Срничка | 3 | |
| | Буба Мара | 3 | |
| Бутел | 11 Октомври | 2 | |
| Гази Баба | 25 мај | 2 | |
| | Детска Радост | 2 | |
| Општина Чучер Сандево | Мило мое | 1 | |

Покрај учесниците негувателки беа присутни и воспитувачите за колегијална поддршка од овој регион кои зедоа активно учество во реализација на вежби и други активности: Маја Насев, Славица Ристевска, Снежана Гуцуљ, Маја Стојчевска, Станка Баџакова, Даниела Томовска, Билјана Лотевска, Ениса Хасиќ, Викторија Стојановска, Лена Коцевска.

На оваа, трета по ред, обука воведен збор имаше претставничката од УНИЦЕФ Партиција ДиЏовани, претставници од УНИЦЕФ како и советничката од БРО Габриела Д.Георгиевска.





**РЕФЛЕКСИЈА НА ОБУЧУВАЧИТЕ ЗА ТЕКОТ НА ОДРЖАНИТЕ ОБУКИ**

Обучувачи во текот на сите три дводневни обуки беа: Симона Палчевска, Сања Алексоска, Атинула Ничова, Валентина Зиндл, Мира Ѓорѓиевска, Роса Цветановска

Во текот на обуката беа опфатени 5 клучни сесии од Модул 1 – Техники и стратегии за социоемоционално учење кај децата на рана возраст.

## Сесија 1: СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНОТО УЧЕЊЕ И ВАЖНОСТА НА РАНОТО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

На почетокот од сесијата, учесниците ги споделија своите очекувања и мотивираноста за учество на обуката, по што следуваше воведно запознавање со значењето и важноста на раното учење и развој во првите години од животот на детето, како и новиот концепт за ран детски развој кој го промовира холистичкиот пристап во поттикнување на раното учење и развој на малите деца. По презентацијата, седуваше вежба со наслов:„Важна личност во мојот живот“. Секој учесник индивидуално ја нацрта личноста што имала или сеуште има големо влијание врз нивниот живот, а потоа споделуваа со останатите претставувајќи ги различните емоции кои ги почувствувале за време на индивидуалната работа, истовремено потсетувајќи се на моделите и авторитетите кои влијаеле врз нивната личност. Целта на оваа вежба е потсетување на тоа колку е убаво чувството да се биде добар пример за останатите и секако дека тоа може да се однесува и во работата со децата, да се остави позитивно влијание врз нив и убави примери на однесување. Задоволство беше да се слушнат различни примери за личности кои оставиле силен впечаток во нивниот живот, набројувајќи ги нивните особини кои денес како негователи ги практикуваат во секојдневното работење.
Вежбите за растегнување и фокусирање овозможуваа учесниците најпрво да делуваат на самите себе си во опуштање и релаксирање, а потоа истото да го практикуваат и со децата.
Интересна активност беше работа во групи каде негователите имаа можност да размислуваат за нивните потреби како и потребите на децата, а потоа според приоритети да ги подредат во концентрични кругови и истото да го споделат пред сите учесници. Целта на оваа активност беше негувателите да увидата дека и едните и другите, и возрасните и децата ги имаат истите потреби, потреба од љубов, поддршка, доверба, сигурност.... Учесниците истакнаа дека оваа активност им била многу интересна и цело време размислувале кои би биле приоритети бидејќи сите набројувања споменати во групата се многу важни и за децата и за негователите.

## Сесија 2: КАКО ДА ЈА РАЗБЕРЕМЕ НЕВРОНАУКАТА И ЕФЕКТОТ НА СТРЕСОТ

Втората сесија започна со интерактивен квиз: “Дали знам”. Учесниците на флипчарт ги споделуваа своите одговори на прашањата поврзани со темата, а

потоа и ги проверуваа преку внимателно слушање на презентација за ефектот на стресот и реакциите на телото во делот на симпатикус и парасимпатикус.

Интереснен беше фактот што учесниците увидоа дека доста работи им биле непознати или пак се двоумеле во однос на одговорот, но токму квизот им овозможил стекнување на нови знаења. Сесијата заврши со активноста: “Туширање со убави зборови” во која беше постигната групна кохезија преку споделување на позитивни афирмации и секој учесник доби убава порака за успешна обука. И во текот на оваа активност учесниците истакнаа дека се почувствувале многу среќни слушајќи убави пораки за самосвет и самољубов.

Во овој дел беше истакнато значењето на Благодарноста како важен дел од секојдневието на кое треба да се посветува внимание, и во овој дел беше поставена Тетратка на благодарности која учесниците имаа можност да ја пополнуваат во текот на обуките.

**Сесија 3: СТРАТЕГИИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНИ ВЕШТИНИ**

Во текот на оваа сесија, учесниците имаа можност преку интерактивни вежби да се стекнат со знаења за значењето на самосвеста и самогрижата и да се оспособат за користење на стратегии за активирање на ПНС и техники за справување со стресот. Воедно, беа споделени и различни стратегии (пишување благодарност и љубезност, водење дневник, утринска позитивна мисла, тапкање и сл.) кои негувателките ги практикуваа на лице место, со цел да се оспособат за користење на истите во работата со децата. Интересни беа интерактивните вежби кои будеа интерес кај учесниците за нивно директно вклучување и искажаа благодарност за големиот број научени стратегии за работа со децата во група. Во овој дел учесниците имаа можност да стекнат знаења за тоа како функционира делот – симпатикус и парасимпатикус, со цел да имаат в предвид во текот на работата со децата како да го активираат едниот а занемаруваат другиот дел.

**Сесија 4: КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УЧЕЊЕТО КАЈ МАЛИТЕ ДЕЦА**

Во текот на вториот ден од обуката, учесниците на практичен и забавен начин се запознаа со утринското поздравување и се воведоа во активноста насловена како: “Каде, кога и како учат малите деца?”. И ова беше интересна активност за учесниците бидејќи сфатија и потврдија дека децата учат насекаде и во секој момент, значи учат низ игра а возрасните се тие кои треба да ја поттикнуваат и креираат средината за учење низ игра. Откако се запознаа со клучните карактеристики на детската игра, беа поделени во групи и практицираа неколку видови на игри кои го потикнуваат социо-емоционалниот развој кај децата. Игрите беа сосема нови за учесниците, што за обучувачите претставуваше вистинско задоволство што е овозможено стекнување на нови искуства. Учесниците имаа можност да се запознаат и со конкретни активности работејќи во интерактивни групи и можност за споделување на искуства но и знаења во врска со соци-емоционалниот развој кај децата.

**Сесија 5: НОВИ ТЕХНИКИ И АЛАТКИ ЗА СОЦИОЕМОЦИОНАЛНО УЧЕЊЕ - ЕДЕН ДЕН ВО ЗАНИМАЛНАТА**

Последната сесија во целост беше посветена на споделувањето позитивни практики од занималната, со цел да се запознаат со рутините кои овозможуваат децата да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со возрасните во групата и да се сложуваат со другарчињата во занималната....Најпрво имаа можност да работат во група во однос на нивните секојдневни активности со децата во различни периоди од денот, потсетувајќи се на тоа дека секој период во денот има одредена важност а улогата на возрасниот е уште поважна во поттикнување на детскиот развој и создавање на стимулативна средина за учење низ игра.

Учесниците работеа во групи одговарајќи на прашања во врска со конкретни активности кои ги реализираат со децата во текот на денот, наутро и во подоцнежните активности во попладневните часови на престојот на децата во градинката. Интересно беше излагањето во однос на тоа дека сите всушност работат слични, но и доста различни активности, зависно од испланираните активности во текот на денот.

На крајот од обуката, учесниците имаа можност да ги споделат своите впечатоци и знаења на прашалникот за евалуација и на евалуацискиот тест на стекнати знаења од обуката.

Во однос на првото прашање: "- Како ја оценувате работилницата?", сите учесници на скалата од еден до пет одговориле со број 5 , ја оценуваат како многу добра, што воедно беше и највисоко ниво на даден избор.

Исто така, сите учесници работата на модераторите на работилницата ја оценија како многу добра ( со оценка 5), што се потврди и во нивните пишани искази во кои истакнаа дека за нив обуката била прекрасна, дека се споделиле нови искуства и позитивни практики за сето она што беше тема и содржина на обуката. Учесниците истакнаа и тоа дека особено им се допаднал начинот и пристапот на модераторите кои на спонтан и симпатичен начин им ги пренесувале планираните содржини.

На прашањето: „Дали ќе можете да ги искористите сознанијата добиени на работилницата?" повеќето учесници одговориле со оцена 5, додека пак со оцена 4 одговориле останатите учесници.

Негувателките во продолжение на прашалникот, ги наведоа практиките кои би ги примениле во понатамошната работа. Од нив како најчесто споделени се јавуваат следниве: стратегии за смирување, вежби за дишење, утринско поздравување, игра на емоции, читање приказна и многу други социо-емоционални стратегии со цел секое учење да најде соодветно место во работата со децата. Исто така на учесниците силен впечаток им оставила активноста со утринското поздравување, растегнување и искажување на благодарности. Потоа Кругот на доверба како еден момент кој придонесува за емоционална поврзаност помеѓу децата во занималната како и нивното поттикнување за меѓусебна емпатија.

На крајот од прашалникот, негувателките истакнаа  дека се чувствуваат: помотивирано, збогатени со повеќе идеи за работата, исполнето, смирено и релаксирано, многу опуштено, возбудено, многу добро и среќно.

Во однос на споделените ставови за време на дискусијата, истакнаа дека се задоволни што имале можност да присуствуваат на обуки каде се стекнале со нови знаења кои со задоволство ќе ги применуваат во работата со децата во група. Задоволство покажаа и за можноста да се развиваат на професионален план како и на планот на свој личен развој.

На самиот крај од обуката сите учесници учествуваа во активност која обучувачите ја испланираа со цел присутните да бидат сплотени во една група која носи позитивна енергија и пријатни чувства кај секој учесник индивидуално и можност да си посакаат убави желби за плодотворна работа со децата во група во следниот период.

На наше големо задоволство, општ впечаток за трите обуки од страна на обучувачите-Тимот на Едуленд-Скопје е тоа дека за време на обуките постоеше пријатна и позитивна атмосфера за работа, учесниците активно учествуваа во сите планирани активности, постоеше интеракција и динамика во текот на реализираните вежби, учесниците со внимание и голем интерес ги следеа презентациите, што навистина претставува вистинско задоволство и поттик за понатамошни планирање обуки од овој тип кои ја унапредуваат работата на вработените во градинките.

**Скопје, 27 Февруари 2023**

**Подготвено од Едуленд**